РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ I

| Примено: 22. 09. 2011 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3589/1 | | |

0705
ТРОМБОН
22.09.11

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 31 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **тромбон** за шестгодишното основно музичко и балетско образование.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ТРОМБОН

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2011

ШЕСТГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. ВОВЕД

Целта на наставата по тромбон е на учениците да им се развива љубов і интерес кон инструментот и музиката и да ги оспособува за изразно солистичко, камерно и оркестарско мизицирање, да се развива естетско вреднување и емоционално доживување на музичките дела, поткрепени со музички знаења во однос на нивната содржина и форма.
Според наставниот план тромбонот започнува да се изучува во II (второ) одделение со наполнети 9-10 години, а наставата трае 6 учебни години. Часовите се одржуваат со индивидуална настава.

- Неделниот фонд е 2 часа по 30 минути, односно годишниот фонд е 72 часа.
- Статус на предметот: задолжителен.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД од II до VI ОДД.

Ученикот/ученичката:

- да го збогати знаењето за инструментот и неговите карактеристики и изразни можности;
- да ги збогати начините на дишењето, зуењето, усната поставка и дијафрагмата теоретски и практично;
- да ги проширува знаењата за изразните можности на инструментот;
- да усвои потребни знаења за мелодиско и ритмичко читање и свирење на нотен текст;
- да се здобие со искуства за свирење на нотен текст со посложена мелодиско-ритмичка и хармонска структура;
- да научи правилно да свири скали;
- да го развива внатрешниот слух;
- да се оспособи за соло, камерно и оркестарско музицирање;
- да придонесува за развивање на музичката меморија;
- да се поттикнува за работа во дует и во поголем состав за заедничко музицирање;
- да стекне самодоверба во изведување на музичкиот текст.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да продолжи да ги совладува изразните можности;
- да го продлабочува интересот кон инструментот и музиката;
- да зазема правилно држење на телото при свирењето;
- да развива способност за мелодии и песни со разновидна ритмичка и мелодиска линија;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонски висини;
- да развива способност за доживување и изразување на музиката;
- да го развива музичкиот вкус и критичкото мислење;
- да придонесува за негување на култивиран пријатен тон и чиста интонација;
- да ја развива креативноста;
- да го открива и почитиува сопственото музичко изразување и да го почитува музичкото изразување на другите;
- да стекнува љубов кон класичната музика;
- да стекнува сознанија за музичката култура на своето опкружување.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| **Тема I: Скали** | | | |
|---|---|---|---|
| ЦЕЛИ | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ги препознава тоновите во соодветни скали;<br><br>-да ги демонстрира скалите технички правилно;<br><br>-да презентира легато и портато;<br><br>-да ги демонстрира дадените скали напамет;<br><br>-да ги презентира трозвуците и четворозвуците на соодветните скали. | Ас – дур ф - мол<br>Е – дур цис - мол | Скали:<br>дурска и молска | **Активност 1**<br>Употреба на скалите во целиот опсег на тромбонот.<br><br>**Активност 2**<br>Користење на скалите заедно со своите трозвуци и четворозвуци.<br><br>**Активност 3**<br><br>Молските скали се свират – хармонска, мелодиска, а на враќање природна.<br><br>Метод на демонстрација;<br>монолошки метод;<br>дијалошки метод;<br>метод на споредба. |

| Тема II: Технички вежби | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да се приспособува за техниката на свирење на инструментот;<br>- да се приспособува за контрола на дишењето;<br>-да ги препознава и употребува различните техники на артикулација на тонот (легато, стакато, портато, тенуто и др.);<br>-да употребува правилна Атака;<br>-да демонстрира свирење на вежби со различни нотни вредности;<br>-да го идентификува чувството за метро-ритмичка пулсација и темпо;<br>-да ги демонстрира дадените вежби во соодветно темпо;<br>-да демонстрира правилна интонација. | - Технички вежби<br>- Мелодиски вежби | Артикулација:<br>стакато<br>легато<br>тенуто<br>метрика<br>нотни вредности | **Активност 1**<br>Употреба на јазикот како средство за повеќе видови на артикулација.<br><br>**Активност 2**<br>Користење на метроном<br><br>Метод на демонстрација, монолошки метод, дијалошки метод метод на споредба, метод на обиди и грешки. |

**Тема III :Етиди**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да се приспособува за техниката на свирење на инструментот;<br>- да се приспособува за контрола на дишењето;<br>-да ги препознава и употребува различните техники на артикулација на тонот (легато, стакато, портато, тенуто и др.);<br>-да демонстрира свирење на вежби со различни нотни вредности;<br>-да го идентификува чувството за метро- ритмичка пулсација и темпо;<br>-да ги демонстрира дадените вежби во соодветно темпо;<br>-да демонстрира правилна интонација. | - Тонски вежби<br><br>- Вежби | **Етиди**<br>Артикулација<br>Стакато<br>Легато<br>Динамика<br>Темпо<br>Тенуто | **Активност 1**<br>Користење на етиди со различен карактер, брзи, бавни, технички и мелодиски.<br><br>**Активност 2**<br>Користење на метроном<br><br>**Активност 3**<br><br>Свирење на зададените етиди со ЦД.<br><br>Метод на демонстрација;<br>монолошки метод;<br>дијалошки метод;<br>метод на споредба;<br>метод на обиди и грешки. |

| Тема IV: Композиции со клавирска придружба | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ја објаснува содржината на композицијата;<br>-да го изедначува звукот и интонацијата на инструментот;<br>-да го демонстрира правилно нотниот текст на зададените композиции;<br>-да го презентира уметничкиот израз при интерпретацијата на музичкото дело;<br>-да ги разликува различните стилски карактеристики на зададените музички дела;<br>-да демонстрира прецизност при изведбата на зададените композиции;<br>-да воспостави правилен соодност со клавирската придружба. | Свирење на композиции | Корепетиција<br><br>Пијано | **Активност 1**<br>Анализа на композицијата<br><br>**Активност 2**<br>Користење на композиции со различен карактер.<br><br>**Активност 3**<br>Проба со пијано придружба.<br><br>**Активност 4**<br>Посета на концерти.<br><br>**Активност 5**<br>Учество на концерти и натпревари.<br><br>Метод на демонстрација;<br>монолошки метод;<br>дијалошки метод;<br>метод на споредба;<br>метод на обиди и грешки. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Со оглед на возраста на учениците, часовите по тромбон треба да вклучуваат различни видови на музички активности. Се препорачува слушање музика во изведба на наставникот (примери од класична музика, детски композиции, музика од други стилови и жанрови и др.) и снимена, за воочување на нејзиниот карактер и изразните средства, како и за доживување и совладување на наставните содржини.

Учениците треба да се навикнуваат на свирење по ноти со почитување на сите ознаки (темпо, динамика), со израз и правилно фразирање со чувствување на ритамот. За пoсликовито претставување на висината на тоновите и нивното попрецизно интонирање да се применува пеење на нотниот текст.

Се препорачува посета на концерти низ целата учебна година, како и слушање на разновидна музика, а особено на композициите кои ќе се исполнуваат.

*Наставни средства:*

- инструмент;
- усник;
- учебници врз основа на програмата;
- посета на концерти и други мизички манифестации;
- Интернет, образовни софтвери;
- списанија;
- аудио – визуелни средства.

**Користена литература (препорака):**

Р. Милер- Школа за тромбон II дел.
Б. Глигорјев – Скали арпеџа, интервали
В. Блажеви – Школа за тромбон II дел
А. Лафоз – комплетна метода за цуг тромбон
Ј. Михалек - Школа за тромбон
В. Цорнети - Етиди и дуети (I книга - втор дел)
Блажевиќ – дуети за деца
Глук – Песна
Ј. Новаковски – Мало кончертино
В. Блазеевиц - Збирка раздвижен тромбон
К. Барнс - Мали уметници
Ф. Шуберт – Серенада
и дела по слободен избор на наставникот во зависност од напредокот на ученикот.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Постигањата на учениците се оценуваат континуирано во текот на целата година. Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл.
Наставникот ја оценува способноста на ученикот за аналитички приод во изучувањето на дадените музички дела; техниката на изведбата на дадените музички дела и нивната уметничка интерпретација. За секое тримесечје се добива оценка на поминатиот материјал, според критериумите за оценување на учениците по овој предмет. Оценувањето се врши со помош на континуирано следење на напредувањето на ученикот на редовните часови, јавни часови и настапи, концерти, натпревари и годишни испити по инструментот.
Ученикот кој ќе покаже незадоволителни резултати во поглед на техничко-уметничка интерпретација на музичките дела и нема да го реализира предвидениот задолжителен материјал по предметот се упатува на поправен испит.
**Годишен испит во јуни**
**Скали: две скали (дурска и молска со тризвук).**
**Етиди: две етиди од наведената литература, со различен карактер (една мелодиска, една техничка).**
**Една композиција со клавирска придружба.**

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Целите и задачите на наставниот предмет тромбон ќе се реализираат во кабинет за индивидуална настава, опремен со потребните наставни и нагледни средства, според нормативот за музичко училиште.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Завршен VII/1 степен, факултет за музичка уметност, вокално-инструментален оддел-инструмент тромбон. Наставникот треба да има стекнато педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

## 9. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот треба да е правилно поставен, правилно да дише, правилна употреба на јазикот, да разликува и практикува стакато и легато и успешно да ја совлада наставната програма во согласност со развојните карактеристики.

**Изготвил:** работна група,
координатор м-р Анкица Витанова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје

**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на Сектор во Бирото за развој на образованието – Скопје

## 10. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по тромбон на шестгодишното основно музичко образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-4482/51
на ден 13.09 2011 год.
Скопје

Министер,

м-р Панче Кралев